11.09.2017г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Сашка Цветковска за текстот насловен „8 смешни разлики помеѓу жените и мажите“, објавен на интернет порталот Лејди.мк (www.lady.mk)**

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА**

Текстот не е во доменот на надлежностите на Комисијата за жалби

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 21 август 2017 година, Сашка Цветковска поднесе жалба за текстот со наслов „8 смешни разлики помеѓу жените и мажите“, објавен на 18 август 2017 година на интернет порталот Лејди.мк (www.lady.mk)

Во жалбата се наведува дека објавениот текст содржи дискриминација и задира во прашањата за рамноправноста на половите, почитување на личната приватност, сензационализам и ширење стереотипи.

Комисијата за жалби најде дека жалбата се отфрла.

На седницата на 31 август 2017 година, членовите на Комисијата ги разгледаа наводите на жалителката и извршија увид во наведениот текст.

Комисијата утврди дека не е надлежна да постапува по жалбата, со оглед на тоа дека претставката се однесува на интернет портал кој не е од информативен карактер и со тоа е надвор од доменот на надлежности на Комисијата.

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како во диспозитивот.

Во работата на комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595